Врз основа на член 2, став 2 од Одлуката за основање на Локален совет за волонтерство на Општина Битола број 09-83/14 од 26.06.2018 година (Службен гласник на општината Битола бр.08/2018), Советот на општината Битола објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ ВО ЛОКАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО НА ОПШТИНА БИТОЛА

1. Локалниот совет за волонтерство на општината Битола е советодавно работно тело на Советот на општината Битола, кој е основан со цел да работи на зголемување на бројот на младинско учество во локалната заедница преку волонтерство и да работи на препознавање и признавање на волонтерскиот труд на локално ниво.

2. Право да предлагаат кандидати за членови во Советот за волонтерство имааат:
   - локални јавни институции,
   - граѓански организации.

3. Кандидатите за членови во Локалниот совет за волонтерство треба да ги исполнуваат следните услови:
   - да се на возраст над 18 години,
   - да имаат живеалиште на подрачјето на општина Битола,
   - да бидат предложени како кандидати за членови од овластените субјекти од точка 2 на овој повик,
   - да имаат претходно искуство во полето на волонтерството, неговата улога, регулација и постоење во Република Македонија;
   - да имаат претходно искуство во координирање и спроведување на волонтерски и младински програми,
   - да имаат претходно искуство во соработка со локална самоуправа и граѓански сектор,
   - да имаат претходно искуство во партиципативни процеси на донесување одлуки на локално ниво,
   - да имаат познавање на правната регулатива во Република Македонија, а особено на Закон за здруженија и фондации и Закон за волонтерство,
   - да поседуваат способност да работат во тим и да почитуваат рокови.

4. Кандидатите за членови треба да ја поднесат следната документација како доказ за исполнување од точка 3:
   - Извод од матична книга на родените или копија од лична карта или пасош,
   - Кратка биографија (CV),
   - Мотивациско писмо,
   - Писмен предлог од организацијата кој го предлага кандидатот, потпишан од овластеното лице на истата и заверен со печат.

5. Рокот за доставување на предлозите за кандидати е 5 работни дена од денот на објавувањето на овој јавен повик, сметајќи го денот на самото објавување.

6. Документацијата од точка 4 се поднесува на следната адреса:

**Совет на општина Битола – Комисија за мандатни прашања, избори и именувања**
**ул. Булевар „1ви Мај“ – Битола**
**Со назнака „ЗА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ ВО ЛОКАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО НА ОПШТИНА БИТОЛА**

Бр. 09-119/1
19.10.2020 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски